РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-2430/1
14-06-2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 90 став (2) од Законот за заштита на личните податоци(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/20 и 294/21), и член 2 од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршењето на видеонадзорот („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/20 и 280/21), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија донесе,

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕОНАДЗОР
# ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење видеонадзор во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Секретаријатот) во својство на контролор.

Видеонадзорот во Секретаријатот се врши заради заштита на животот или здравјето на луѓето, заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјето на вработените и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Секретаријатот само за безбедносни цели.

Контролорот задолжително ги известува вработените за вршење на видеонадзор во службени простории.

Член 2

Видеонадзорот се врши со опрема која се состои од DVR -дигитален видео рекордер и монитор и четири (4) камери.

Член 3

Во просториите на Секретаријатот во кои се врши видеонадзор, на видно место се истакнува известување во кое се содржани информации за вршењето на видеонадзорот.

Известувањето од став 1 на овој член е дадено во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Преку видеонадзорот се собираат биометриски податоци на лицата кои имаат пристап или ги посетуваат службените простории на Секретаријатот, преку снимки во боја, без тонско снимање.

Член 5

Снимките направени при видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видеонадзорот, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој се чуваат.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски рок од периодот од став 1 на овој член.

Член 6

Системот за видеонадзор се наоѓа во систем сала- обезбедена просторија на Секретаријатот .

Видеонадзорот во Секретаријатот се врши преку четири (4) камери каде се следи просторот од влезно/излезните врати на Секретаријатот и систем салата и се поставени по една (1) камера во секој од двата ходника од Секретаријатот, една (1) камера во приемниот дел пред лифтовите и една (1) камера во систем сала.

Камерите од став 2 на овој член графички се поставени согласно Планот каде е поставен системот за вршење на видео надзор.

Планот од став 2 на овој член е даден во Прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор**

Член 7

Пристап и увид до личните податоци кои се добиени преку системот за видеонадзор имаат само овластени лица во Секретаријатот.

Овластување за вршење на видеонадзор дава секретарот на Секретаријатот за законодавство.

Образецот за Овластување од став 1 на овој член е даден во Прилог број 3 кој е составен дел на овој правилник.

Овластените лица за вршење на видеонадзорот се должни да потпишат Изјава за безбедност на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор.

Формата и содржината на Изјавата од став 5 на овој член се дадени во Прилог број 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Секретаријатот обезбедува технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци согласно законските прописи, обработени од системот за вршење на видео надзор.

Во Секретаријатот е оневозможен далечински пристап до системот за видео надзор.

За пристапот и увидот во личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор, Секретаријатот води евиденција која ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на овластено лице;
- датум и време на пристапување;
- цел на пристапување;
- датум и време на направената видео снимка кон која се пристапува;
- датум и време, назив на седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- вид на медиум во кој е содржана снимката од видеонадзорот и
- други податоци согласно Правилник за безбедност на обработка на личните податоци.

Член 9

Секретаријатот донесува Изјава на приватност преку која ги известува субјектите на лични податоци за начинот на остварување на своите права и за тоа кои податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор.

Образецот на Изјавата од став 1 на овој член е даден во Прилог 5 кој е составен дел на овој Правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Секретаријатот и на огласната табла во просториите на Секретаријатот.

Секретар на Секретаријат за законодавство

д-р Оливера Нечовска

Прилог 1



ВИДЕО НАДЗОР!

Контролор: Секретаријат за законодавство
Контакт телефон: 02/3228-203
Офицер за заштита на лични податоци: ____________________
e-mail: ozlp@sz.gov.mk

**Видеонадзорот се врши заради:**

- заштита на животот или здравјето на луѓето,
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените и
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Секретаријатот само за безбедносни цели

**Забелешка:**
Снимките направени при видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена.

**Права на субјектите на личните податоци:** Како субјект на лични податоци може да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите податоци.
Повеќе информации за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

Прилог 2

План каде е поставен системот за вршење на видео надзор во Секретаријатот



300 cm; 1 : 101,51

Прилог 3

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за вршење обработка на лични податоци**
**во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија**

Се овластува_______________________________________________ , _______________________
(име и презиме) (работно место) (сектор/одделение

во ____________________________________________________________________________
(назив на контролорот/обработувачот)

да врши обработка на личните податоци содржани во_________________________________

(да се наведе називот на збирката/те на личните податоци на пример, збирка за вработените и сл.)

[1] Лицето од ставот [1] на ова овластување задолжително треба да:

- ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
- врши обработка на личните податоци согласно со упатствата добиени од Секретаријатот за законодавство,
- ги почитува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на личните податоци кои ќе ги дознае при работата во Секретаријатот за законодавство и
- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

[2] Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е:

(да се опише обемот на овластување (на пример, да внесува лични податоци, да брише, да коригира, да гледа и сл.)

[3] Начинот на пристап до лични податоци е:

(да се опише дали овластеното лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или има пристап и на двата начина)

[4] Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работното место[1] ________
_____________________________________________ во_________________________________________.
(да се наведе на кое работно место е распоредено лицето) (назив на контролорот/обработувачот)

[5] Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

Потпис на одговорното лице,

М.П.

[1] Доколку е вработен на определено време да се наведе и рокот (ДД.ММ.ГГ)

Прилог 4

Врз основа на одредбите од Закон за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/20), на ден________________________ година ја давам следна

**ИЗЈАВА**

**за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор**

Јас долупотпишаниот/ната, ________________________________ , ______________________
(Име и презиме) (Звање и работно место)

во Одделението за ______________________________________________________, во Секторот за ________________________________, во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20, и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија во својство на контролор, се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот;
- на трети лица надвор од Сектерaријатот за законодавство и на други лица од Секретаријатот за законодавство, нема да издавам било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при работата во Секретаријатот за законодавсто.

Потпис,

Прилог 5

# ИЗЈАВА
# ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Контролорот), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

1. **Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?**

Контролорот собира лични податоци преку системот за видеонадзор од следните причини (цели):

- да се контролира пристапот до деловните простории и да се обезбеди сигурност на истите, безбедноса на вработените и посетителите во Контролорот, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталирани во просторот од влезно/излезните врати на Секретаријатот за законодавство и систем салата и се поставени како што гласи:  , а се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (обј екти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).

Системот со видеонадзор ги опфаќа областа на секој од двата хола од Секретаријатот за законодавство, во приемниот дел пред лифтовите и во систем сала

2. **Какви податоци собира Контролорот?**

Контролорот собира само видео снимки фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

3. **Кој е одговорен за обработка на податоците?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги

утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа, ______________________________е лице за контакт и одговорно за видеонадзорот.

4. **Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видеонадзор?**

Контролорот користи опрема за видеонадзор за (да се неведе една или повеќе од наведените цели):

- заштита на животот или здравјето на луѓето;
- заштита на сопственоста;
- заштита на животот и здравј ето на вработените поради природата на работата; или - обезбедување на контрола над влегувањего и излегувањето од службените или деловните простории.

Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на Секретаријатот за законодавство, има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

5. **Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видеонадзор на Контролорот. Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на секретарот на Секретаријатот за законодавство.

6. **Како да ги контролирате вашите податоци?**

Може да испратите барање до Контролорот на следнава e-mail адреса info@sz.gov.mk, ул. „Св.Кирил и Методиј“ бр.34, Скопје.

7. **Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Контролорот или преку е-пошта info@sz.gov.mk

8. **Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видеонадзор.

9. **Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на info@sz.gov.mk, кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

10. **Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со испраќање на барање на info@sz.gov.mk во случај кога обработката е незаконска.

11. **Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролрот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

12. **Дали имам право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање на info@sz.gov.mk, кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

13. **Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање на барање на info@sz.gov.mk, да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на ozlp@sz.gov.mk

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци на www.azlp.mk која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

14. **Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?**

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

15. **Безбедност на личните податоци**

Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

16. **Колку долго ги чуваме вашите податоци?**

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци 30 календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видеозаписи автоматски се бришат.